Република Северна Македонија
СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**ИЗВАДОК од ЗАПИСНИКОТ**

**од седницата на**

**СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**

одржана на 14.07.2022 година (14:00 часот)

Седницата на Совет за безбедност и здравје при работа, втора во 2022 година, ја отвори претседателката на Советот, Проф. Д-р Јасмина Чалоска, утврдувајќи дека се присутни 10 (десет) членови (7 со физичко присуство и 3 *online*).

На седницата присуствуваа следните членови на Советот:

- Јасмина Чалоска,
- Јованка Караџинска Бислимовска (*online*),
- Ленче Коцевска,
- Дарко Дочински,
- Даниела Китанова,
- Сашо Коруновски,
- Сашо Столевски (*online*),
- Мико Стојановски,
- Иван Пешевски и
- Ќире Ицев (*online*).

На почетокот на Седницата, Претседателката Чалоска констатираше дека од оваа седница Советот за БЗР е во изменет состав при што тројца од претходните членови (еден од претставниците на Владата и двајца од претставниците Сојузот на синдикатите) се заменети со нови членови. Претседателката во оваа прилика упати голема благодарност до досегашните членови и им посака успешна работа на новоименуваните членови на Советот за БЗР.

**Дневен ред** на Седницата:

1. Усвојување на Записникот од Седницата на Советот одржана на 11.03.2022 година;
2. Усвојување на предлог-Препораките до работодавачите за БЗР услуги;
3. Активности за реализација на доделување на Национална награда за компанија со најдобро имплементиран систем за БЗР;
4. Тековни информации;
5. Разно.

**1. Усвојување на Записникот од Седницата на Советот одржана на 11 март 2022 година**

**2. Усвојување на Предлог-Препораки до работодавачите**

Советот за БЗР го усвои текстот на документот: Препораки до работодавачите во врска со услугите и активностите во делот на БЗР, кој во меѓувреме беше доработен и финализиран од страна на формираната три-члена работна група, при што беа прифатени дополнително дадените забелешки и коментари од членовите на Советот. Се донесе заклучок, документот да се објави на web-страната на МТСП, а истовремено и членовите на Советот, преку организациите, здруженијата и институциите од кои доаѓаат, да се ангажираат за негово доставување до што поширок број корисници (компании, работодавачи, стручни лица за БР и други).

(*Линк до објавениот документ*:
https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/bzr/Sovet%20BZR-Preporaki%20Rabotodavaci%20(final).pdf )

3. **Активности за реализација на доделување на Национална награда за компанија со најдобро имплементиран систем за БЗР**

Дискусијата во рамките на оваа точка од дневниот ред се однесуваше на веќе отпочнатите активности и донесени заклучоци од минатата Седница, во делот на измените во постапката на доделување на Националната награда за компанија со најдобро имплементиран систем за БЗР.

Се заклучи, за финализирање на постапката за доделување на Национална награда за компанија со најдобро имплементиран систем за БЗР, од страна на стручните здруженија да се номинираат потребниот број на членови на комисиите, согласно договорените критериуми за избор (лицето номинирано за член на комисија да биде вработено во овластен правен субјект за вршење на стручни работи од областа на безбедност при работа, т.е. овластена здравствена установа по медицина на трудот и да има најмалку 3 години работно искуство во областа).

4. **Тековни информации**

Во овој дел членовите на Советот беа информирани за неколку прашања:

- активности кои се одвиваат во тековниот период во делот на подготовката на новиот Закон за БЗР. Реализираните средби и работни состаноци со повеќе различни организации и институции за дополнително презентирање и дискутирање на одредени конкретни одредби и предлози од законот и за изнаоѓање на соодветни решенија за отстранување на деловите каде има преклопување на надлежности на различни органи и за разграничување и допрецизирање на обврските.
- Се дискутираше и за потребата изготвување и донесување на правилници кои недостасуваат (работа на отворено, работа на височина, работа со електрична струја и др.) како и ревидирање на некои од постоечките подзаконски акти со цел да се подобрат, допрецизираат и усогласат со измените на соодветните директиви на Европската унија.
- Интензивирање на напорите во насока на спроведување на планираните активности согласно Стратегијата и Акцискиот план за БЗР (двата најзначајни документи кои се донесоа минатата година).
- Информација во врска со подготовка на т.н. Бела книга на странски инвеститори во Република Северна Македонија, која ја подготвува работна група од претставници на компании и во која ќе бидат содржани и коментари во однос на одредбите од постоечкиот Закон за БЗР од 2007 година, како и конкретни предлози за подобрувања кои ќе треба да се имаат во предвид при финализирањето на текстот на новиот Закон за БЗР.

5. **Разно**

Во овој дел се дискутираше за неколку прашања, меѓу кои:

- Беа споделени информации за активности, пред сè во делот на ангажманот и функционирањето на МТСП како контакт точка (*focal point*) на Европската агенција за БЗР (*EU-OSHA*). Учество на состаноци и настани (воглавно одржувани online) поврзани со функционирањето на мрежата на контакт точки или со тековната Европска кампања за здрави работни места. Споделени беа и информации поврзани со активностите (сегашни и идни) на EU-OSHA.
- Членовите беа информирани и за активности кои во изминатиот период се одвиваат во делот на безбедноста и здравјето на здравствените работници, како вработени кои се и најдиректно погодени од случувањата поврзани со пандемијата, а посебно психо-социјалните ефекти и влијанието кое овие состојби го имаат врз менталното здравје на здравствените работници.

Подготвил:
Секретар на Советот за БЗР
*Дарко Дочински*

Претседател на Советот за БЗР
*Проф. Д-р Јасмина Чалоска*